# Митолошки суштества и чудовишта

## Вонредно издание

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Кентаури

- Митолошко суштество во хибриден облик, половина човек и половина коњ.
- Кентаурите имале живеалишта на планината Пелион во Тесалија. Некои од нив биле благонаклонети кон луѓето, но, речиси повеќето имале дива и нескротлива природа.
- Честопати воделе битки и вршеле повремени пљачкосувања на човечките населби. Секогаш се движеле во групи.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# За потеклото на Кентаурите



- Само 20 имиња на кентаурите ни се познати благодарение на тоа што биле запишани од античките митографи.
- За нивното потекло митовите не даваат никакво објаснување. Се претпоставува дека се пренесени од блискоисточните митографски претстави на луѓе-sверови.
- Лирскиот поет Пиндар ни оставил податоци дека прататкото на кентаурите се викал Кентаур, кој бил син на лапитскиот крал Иксион и Нефела, божица олицетворение на облакот.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Оплеменување на младите поколенија на кентаури



- Помладото поколение на кентаури се култивирало со тек на време, ја загубило дивата и суровата природа придружувајќи им се на сатирите како следбеници на богот Дионис по шумските предели.
- Од племенитите кентаури најпознати се двајца, Хејрон и Фол.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Минотаур

- Митско чудовиште од лавиринтот на митскиот крал Миноj од Кносос на ос. Крит. Тој имал облик на човек, но со бикова глава.
- За неговото раѓање постои мит. Пред да стапи на престол, Миноj побарал од Посејдон, богот на морето, да му даде знак дека наместо неговиот брат, тој ќе го наследи престолот.
- Посејдон го прифатил неговото барање и му пратил прекрасен бел бик само под услов да му го принесе како жртва. Кога белиот бик излегол од морето пратен од Посејдон, веднаш му станал миленик на Миноj.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Неприродната љубов на Пасифаја кон Критскиот бик



- Поради тоа што му се допаѓала убавината на белиот бик, Миној решил да го прејде богот Посејдон и му жртвувал друг бик сметајќи дека нема да забележи.
- Но, залудно, Посејдон ја дознал измамата, се налутил и начинил жената на кралот Миној, Пасифаја, да се вљуби во белиот бик, а како казна кроткиот бел бик го претворил во див.
- Пасифаја, не можејќи да ја издржи неприродната љубов спрема бикот, се упатила кај градителот Дајдал да побара помош. Дајдал, разбирајќи ја страста на Пасифаја, изработил дрвена крава. Ѝ објаснил дека само на овој начин може да ја предизвика страста на бикот.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Раѓањето на Минотаур и изградбата на подземниот лавиринт



- Пасифаја влегла во дрвената крава, која одвнатре била шуплива, чекајќи го бикот да ја оплоди. Преку овој неприроден чин, Пасифаја останала бремена, и на кралот Минoј му родила дете. На општо изненадување на сите, детето било хибрид, половина човек-половина бик. Му го доделиле името Минотаур, што иронично во превод значи „бикот на кралот Миној“.
- Како поминувало времето, младиот Минотаур почнал да дивее и да се одвојува од човечката природа, целосно воден од инстинктите за преживување.
- Со намера да го зачуваат, вештиот мајстор и архитект Дајдал побарал совет од делфиската пророчица Питија која ги познавала тајните на светот и ја претскажувала иднината. Го советувала под минојската палата да изгради лавиринт каде што ќе живее Минотаур.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Данокот во крв за Атињаните и принцот Тесеј на пат кон Кносос




- По извесно време Пасифаја и Миној имале син по име Андрогеја. Тој учествувал на панатенајските свечености во Атина и речиси секогаш победувал на тамошните натпревари. Атињаните водени од завист го убиле младичот.
- Миној, за да им се одмазди за убиството на синот, тргнал во војна против Атињаните и ги совладал во битка. Им доделил данок во крв кој го плаќале секоја деветта година. Данокот се состоел во достава на седум момчиња и девојчиња кои Атињаните ги праќале со воен брод кон Кносос на ос. Крит како жива храна за Минотаур.
- Пред третото жртвување се пријавил принцот Тесеј, синот на Ајгеј, кралот на Атина. Тој дал ветување дека ќе го убие Минотаур за да го укине данокот во крв, а како знак дека победил, ќе било белото едро што ќе се виори на неговото враќање назад кон Атина.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Убивањето на Минотаур и грабнувањето на принцезата Аријадна

- Тесеј бил успешен во совладувањето на Минотаурот благодарејќи на Аријадна, ќерката на Миној, која, при средбата, се вљубила во Тесеј. Таа му дала клупче од волна да го запомни патот низ лавиринтот и волшебен меч со кој го усмртил Минотаурот.
- Данокот бил укинат, но, за несреќа, кога се враќал кон Атина, Тесеј заборавил да го подигне белото едро во прегратките на Аријадна. Бидејќи се виорело црното едро, кралот Ајгеј, гледајќи од далечина погрешно разбрал дека неговиот син загинал во борбата со Минотаурот. Почнал да жали за смртта на синот и од висока карпа се фрлил во морето. Оттаму и морето го добило називот Егејско, по името на атинскиот митски крал Ајгеј.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND